**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Драган Кочовски**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Гоце Делчев бр. 26**
**тел. 043 221-008 izvrsitelkocovski@yahoo.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 16/2021**

Извршителот Драган Кочовски од Велес, ул.Гоце Делчев бр. 26 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Сузана Маринковиќ од Росоман со живеалиште во с.Сирково преку полномошник Адвокат Горан Нациќ, засновано на извршната исправа ВПП1-11/19 од 20.10.2020 година на Основен суд Гевгелија, против должникот Александар Сламков од Гевгелија со живеалиште на Ул. Белградска бр.3, за спроведување на извршување на ден 29.11.2021 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со второ усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

**3/4 од недвижност, запишана во имотен лист бр. 103384 за КО Гевгелија при АКН Гевгелија со следните ознаки:**

Лист Б

-Парцела 3718, број на зграда 0, викано место Белградска, план 19, скица 55, катастарска култура гз/гиз, во површина од 678,79 м2, право на недвижност сосопственост;

-Парцела 3718, број на зграда 1, викано место Белградска, план 19, скица 55, катастарска култура гз/зпз, во површина од 89 м2, право на недвижност сосопственост;

-Парцела 3718, број на зграда 2, викано место Белградска, план 19, скица 55, катастарска култура гз/зпз, во површина од 12,59 м2, право на недвижност сосопственост;

сопственост на должникот Александар Сламков.

**3/4 од недвижност, запишана во имотен лист бр.1661 за КО Гевгелија при АКН Гевгелија со следните ознаки:**

Лист Б

-Парцела 3714, број на зграда 0, викано место Белградска, план 19, скица 55, катастарска култура гз/гнз, во површина од 296,02 м2, право на недвижност сосопственост; сопственост на должникот Александар Сламков.

Продажбата ќе се одржи на ден 20.12.2021 година во 10,00 часот во просториите на ул.Гоце Делчев бр. 26 во Велес, канцеларија на Извршител Драган Кочовски.

Почетната вредност на недвижноста која се води на **имотен лист бр. 103384 за КО Гевгелија при АКН Гевгелија**, утврдена со заклучок на извршителот Драган Кочовски, е намалена за 1/3 и изнесува **960.630,00 денари** , под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Почетната вредност на недвижноста која се води на **имотен лист бр. 1661 за КО Гевгелија при АКН Гевгелија**, утврдена со заклучок на извршителот Драган Кочовски, изнесува **364.080,00 денари** , под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300270000050026 која се води кај Комерцијална банка АД и даночен број 5004006114796, која вредност треба да се уплати најдоцна до 09.11.2021 год.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет ) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање: дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Драган Кочовски

Д.-на: доверител
должник
Град - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИЗВРШИТЕЛ ДРАГАН КОЧОВСКИ ВЕЛЕС, ГЕВГЕЛИЈА, КАВАДАРЦИ

X

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.